## РЕАКЦИЈА

# Сите ние сме Небојша!

Прво, хронологија на настаните: во неделата на 12 јуни Дунимаглоска го испишува графитот „Nebojsa Vilic Is Dead".

Следниот ден авторката ја презема одговорноста за делото и им го објаснува на претставниците на галеријата поодделно. Јане Чаловски не го прифаќа, додека Христина Иваноска предлага негово развивање во теоретска дискусија. Истиот ден, по нивна меѓусебна консултација, наредуваат: „До 17 часот ѕидот мора да биде бел!"

На 14. јуни Дунимаглоска и Талевски организираат протест против цензурата во уметноста и дрскоста претставници од уметничка институција во тоталитаристички и апсолутистички манир да бараат авторката самата да си го избрише делото. По 17 часот графитот останува на ѕидот.

Авторката го испишува графитот не со намера да го постави прашањето за цензурата во уметноста, туку за да го покрене прашањето за „мртвилото" на македонската ликовна сцена. Името на Небојша е избрано токму поради неговото значење во поновата историја на македонската ликовна сцена и денешното отсуство на какво и да е теоретско обмислување на она што се случува во неа. Чинот подразбира намера проблемот да добие во јавност и да се третира теоретски и критички во уметничките кругови, а не како уметничка галериска вредност. Графитот како медиум, и неговата содржина, не е замислен како „флерт", туку е свесно искористен да дејствува од внатрешноста на „системот" на уметноста, за да го добие значењето преку неговото интерактивно „читање" од страна на сите во него засегнати, а не само од оние што се директно (лично) засегнати од личноста на Небојша.

ша.

Се чини дека во македонската арт-сцена индивидуалниот чин („непослушноста“) на уметникот што дејствува надвор од нечија програма, се дефинира како „револуција“, „терор“, „скандал“, „раздор“..., иако таквиот деконструктивизам е вообичаена практика во уметноста веќе 40-тина години.

Од друга страна, галеријата „Прес ту егзит“ не е во приватна сопственост за да може да се разбере „видната револтираност“ на нејзините претставници, ниту дејствувањето на авторката можат да го наречат „злоупотреба“, или „узурпација“ на просторот, особено што станува збор за уметничко дејствување во уметнички простор, со конкретен уметнички концепт. Ним им се случи дело за кое избрзано решија насилно да го прекинат неговиот развој и прерано заклучија околу неговата уметничка вредност.

И покрај актуелната „белина“ на Ѕидот во „Прес ту егзит“, графитот продолжува да ја интензивира својата актуелноот, додека дискурсот по кој се води неговото толкување само го актуализира неговиот потконтекст „Сите ние сме Небојша!“

**Весна Дунимаглоска**
**Сашо Талевски**